Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 09. 12. 2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6124 | 1 | |


# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 13 ноември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (не е дозволено идентификување на спонзорот во текот на документарните и на програмите за деца).

*На 29.09.2014 година, за непочитување на член 54 став 9 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 6 септември 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 13 ноември 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на вршување на програмскиот надзор:*
*09.12.2014 година*